0306 - 651
13.10.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 03-319/1
13.10 2021 год
СКОПЈЕ

*Водени од потребата од постојано унапредување на состојбата со заштитата на човековите права и остварувањето на начелото на еднаквост како едно од ооснoвните човекови права;*

*Признавајќи ја улога на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при воспоставување соработка со здруженија заради остварување на начелото на еднаквост и унапредување на спречувањето и заштита од дискриминација;*

*Притоа идентификувајќи ја неопходноста од зајакнување на знаењата, вештините и статусот на членовите на Комисијата, како и овозможување практична работа за млади правници;*

*Подготвени за ефикасна соработка која ќе придонесе за размена на знаења и искуства од областа во кои двете страни имаат заеднички интереси, цели, приоритети и вредности,*

*страните се согласија на следниов*

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Во Скопје на ден 13.10.21 година

Склучен помеѓу

**Македонското здружение на млади правници – МЗМП Скопје**, со седиште на ул. Донбас бр. 14-1/6, Скопје, претставувано од Александра Цветановска во својство на претседателка (Во понатамошниот текст МЗМП)

и

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**, со седиште на ул. Даме Груев бр. 1, Скопје, претставувана од Весна Бендевска во својство на претседател (Во понатамошниот текст: КСЗД).

**Член 1**
**Предмет на меморандумот**

Со овој Меморандум се уредуваат областите и правилата на меѓусебна соработка и координација меѓу МЗМП и КСЗД.

Соработката од став (1) на овој член се остварува врз основа на Законот за спречување и заштита од дискриминација, актите на КСЗД и МЗМП како и другите законски или подзаконски акти.

**Член 2**
**Начела на Меморандумот**

Потписниците на овој Меморандум во своето работење се раководат согласно начелата на промовирање на човековите права, владеење на правото, соработка, партнерство и ефикасност во комуникацијата.

**Член 3**
**Области на соработка**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува преку:

- Меѓусебна поддршка при давање мислења по предлози за измени на одредени закони од значење за двата субјекти, како и при предлози за усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права;
- Изработка на анализи и поттикнување дебата за прашања поврзани со дискриминацијата преку конференции, советувања, дебатни трибини и сл.;
- Организација на заеднички обуки од областа спречување и заштита од дискриминација;
- Меѓусебна поддршка и соработка во случаи кога КСЗД се јавува како замешувач во судски постапки и во постапки како пријател на судот (amicus curiae) со цел унапредување на заштитата од дискриминација;
- Спроведување на практикантска програма во соработка и координација со МЗМП.

Соработката во горенаведените области ќе се остварува врз основа на навремен писмен предлог, предложен од било која од страните во кој ќе бидат прецизно опишани активностите, временската рамка и меѓусебните задачи и обврски, а по добиена согласност од другата страна.

**Член 4**
**Обврска за меѓусебно информирање**

Страните потписнички се обврзуваат да се меѓусебно известуваат за одредени активности, процеси и настани кои се поврзани или можат да се однесуваат со областите на соработка наведени во член 3 од овој Меморандум.

**Член 5**
**Контакт лица**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

За МЗМП
Александра Цветановска
Претседателка на МЗМП
Тел. 075427735
Е-пошта:
acvetanovska@myla.org.mk

За КСЗД
Игор Јадровски
Член на Комисијата
Тел. 070363404
Е-пошта:
i.jadrovski@kszd.mk

**Член 6**
**Завршни одредби**

Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување.

Измените и дополнувањата на овој Меморандум се вршат на истиот начин како и неговото донесување.

Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој Меморандум, ќе се решаваат спогодбено меѓу страните потписници на истиот.

Меморандумот за соработка е составен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои 2 (два) примерока за МЗМП и 2 (два) примерока за КСЗД.

За МЗМП
Александра Цветановска
Претседателка,

За КСЗД
Весна Бендевска
Претседателка,